## ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

ОУ ,, Братство – Миѓени,, од Тетово е едно од најстарите во општина Тетово и основано е во 1958 година под името „Братство- Единство“. Се наоѓа на учица ,,Љ Б Пиш,, бр 41. Училиштето исто така има уште 3 објелти и тоа еден на спортски центар, еден во Сараќино (подрачно училиште) и еден во Дреновец. Во училиштето учат ученици од населбите: „ Б Кидрич“ „ Спортски центар“ „ Дреновец“ и Сараќино.

Во училиштето во 1958 година започнала настава на македонски и албански јазик од прво до осмо одделение. Покасно започнува и настава на турски јазик од прво до четврто одд. Од тогаш до денес училиштето се развивало и се развива во како централно училиште со подрачно училиште во Сараќино и 2 дислоцирани објекти ( спортски и Дреновец) . Во 1993 година училиштето го менува името во „ Братство-Миѓени “ Денес во него учениците посетуваат настава на македонски јазик од прво до деветто одделение во Тетово и Сараќино, на албански јазик од прво до деветто одделение во Тетово ( централно и Дреновец ) и од прво до петто одделение во Сараќино и на турски јазик од прво до петто одделение во Тетово ( централно) .

## ГЛАВНИ ПРАВЦИ НА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО

ПРИОРИТЕТ: 1. Пружање поддршка на учениците кои имаат потреба од помош за поуспешно напредување во воспитно-образовната работа и ученици со ПОП

ПРИОРИТЕТ: 2. Доградба на 2 училници и фискултурни сали во ООУ.

ПРИОРИТЕТ : 3. Поголема соработка на училиштето со родителите/старателите

ПРИОРИТЕТ: 4 . Соработка на релација ученици, наставници и други компетентни лица за решавање на проблеми кои ги мачат учениците – учество на „ Отворен ден по Граѓанско образование “ – примена на мултиетичноста на дело .

ПРИОРИТЕТ: 5. Успешна имплементација на новата Концепција за основно образование од прво до шесто одделение



# ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „БРАТСТВО-МИЃЕНИ„ ТЕТОВО



**Адерса:**
**Лубе Божиновски Пиш бр 41**
**1200, Тетово**
**Телефон: 044 336 920**
**Факс: 044 336 920**

**ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И СТРУЧНИ ОРГАНИ НА УЧИЛИШТЕТО**

| |
|---|
| Училишен одбор |
| Директор |
| Помошници директори |
| Стручна служба ( педагог, психолог, дефектолог, социјален работник и 2 библиотекарки ) |
| Совет на родители |
| Стручни активи |
| Одделенски раководители |
| Членови на инклузивен тим |
| Одделенска заедница на ниво на паралелка |
| Ученички парламент |
| Дете правобранител |

**ВРАБОТЕНИ**

На настава на македонски јазик се вклучени вкупно 56 наставници
На настава на албански јазик се вклучени вкупно 78 наставници
На настава на турски јазик во одделенска настава се вклучени 7 наставници
Во училиштето има еден директор, двајца пом директори,еден педагог,еден психолог, еден дефектолог,еден социјален работник, 2 библиотекари, еден секретар, 1 книговодител и 17 лица вработени како технички персонал.

## НАСТАВА

- Вид на настава
- Задолжителна настава
- Изборна настава
- Дополнителна настава
- Додатна настава
- Индивидуализирани програми
- Програма за Еко активности
- Проекти кои се реализираат во училиштето

### Дополнителна настава:

Ова настава ќе се организира во текот на целата учебна година за учениците од второ до деветво одд кои заостануваат по одделни предмети во рамките на задолжителната настава (освен вештините). Продорлжната настава ќе се реализира и во месец јуни, а по потреба и во втората полобвина на месец август.

### Додатна настава:

Вакон вид на настава согласно новите наставни планови се организира се организира за ученици од второ до девето одд кои покажуваат голем интерес и знаење по поедини предмети.. Додатна настава од второ ро петто одд се реализира со 1 час неделно, а од 6 до 9 по два часа неделно.

## ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

### МИСИЈА

***Мисија***

**Имплементација на вредности со кои се постигнува ефективно училиште во една мултиетична средина**

**Визија**

**Нашето училиште ќе биде средина во која се нуди поддршка на индивидуалниот развој на сите учениците и професионален развој на наставниците, што доведува до квалитетен воспитно-образовен процес**

Број на ученици во учебната 2023/24 година

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик |
|---|---|---|---|
| Број на пара-лелки | 33 | 50 | 4 |
| Број на учени-ци | 625 | 1044 | 21 |